# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2023-2026 година

Проф. д-р Дејан Борисов

ЈУНИ 2023

# Содржина:

**Резиме** ........ 3
**Наставно-образовна дејност** ........ 4
**Вклученост на студентите во активностите поврзани со академската заедници** ........ 6
**Користење на новите технологии на Факултетот во полза на студентите** ........ 6
**Усогласување на актите на Факултетот со државните Закони кои ја покриваат дејноста на Факултетот** ........ 6
**Финансиска стабилност и инвестции** ........ 7
**Меѓународна соработка** ........ 7

Согласно член 115 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 82/2018), член 239 од Статутот на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, како и Одлуката за започнување постапка за избор на Декан на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје (Бр.167/1 од 07.06.2023), кандидатот за декан проф. д-р Дејан Борисов ја предлага следнава

# Програма за работа на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје за периодот 2023 – 2026 година

## Резиме

Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје е високообразовна и научно-истражувачка институција која постои повеќе од четири децении, а воедно е и единствената православна високообразовна институција во Македонија, со јасна визија и стратешки одредници, која својот развој го темели на традиции со висок квалитет, како и на сегашниот високообразовен наставен кадар.

Мисијата на Факултетот е да обезбеди врвно образование на своите студенти, не само во поглед на нивниот интелектуален развој, туку и од аспект на развојот на нивните човечки квалитети и христијански вредности и нивно понатамошно поттикнување да ги поместуваат границите на нивното знаење и високо образование. Ова ќе се постигне со поголема посветеност на наставата и истражувањата на наставниот кадар и активно вклучување на студентите во истото.

Целосното искористување на новите технологии што ни се на располагање треба да станат неодминлив дел и од административниот, но и од наставниот процес на Факултетот. Ова ќе овозможи подобри административни услуги за студентите, а истовремено и полесен контакт на наставниците со студентите и реализација на предвидената наставна програма. Реализацијата на наставата на Факултетот ќе се олесни со зголемување на наставно-научниот кадар.

Покрај рамката на факултетската настава, Факултетот својата мисија треба да ја спроведува и надвор од просториите за настава преку изведување предавања од поширок интерес, кои би биле насочени кон дообразување на клерот на МПЦ-ОА и на населението за одредени теми. Во ова, исто така, би биле вклучени и студенти со што би се здобиле со повеќе знаења од практиката и реалната имплементација на она што го научиле за време на нивните студии.

Покрај поактивното учество на студентите во наставата и разни проекти реализирани од страна на наставниот кадар, студентите треба и самите да покажат желба за поголемо знаење и развивање на меѓучовечките односи. За ова второво ќе ги поттикнуваме за подлабоко и поактивно соработување со Студентските парламенти и студентски здруженија што делуваат во рамки на Факултетите на УКИМ.

Во периодот 2023-2026 ќе се заврши со внатрешното уредување на Факултетот и ставањето во функција на Библиотеката и интернетската мрежа на Факултетот.

**Наставно-образовна дејност**

Мисијата и целта заради кои е основан Православниот богословски факултет е да овозможи високо богословско образование на запишаните студенти на Прв циклус додипломски студии и да образува идни високо образовани богослови/теолози кои ќе бидат од полза на Црквата и на македонското општество во целина. Покрај, Првиот циклус додипломски студии, на Факултетот се изведува и настава од Втор циклус студии, Трет циклус студии и Специјалистички студии. Целта на последниве е да се образуваат специјалисти, магистранти и доктори на богословски науки подготвени да дадат придонес во развојот на богословските науки преку анализа и способност да донесат научно издржан суд, практична примена на теоретското знаење, способност за комуникација, како и манифестирање на развиени позитивни меѓучовечки односи темелени на Христовото учење.

Во изминатиот период Факултетот го збогати својот фондот на книги со кои располага факултетската библиотека, но истите не се индексирани, ниту соодветно подредени. За оваа цел ќе треба да се обезбеди кадар, како и соодветен софтвер за библиотечно работење. Факултетот беше дел од *COBIS* системот, но поради човечки фактор истиот не успеавме да го искористиме. Постојат *open source* софтвери за библиотечно работење и ќе се обидеме во периодот 2023 – 2026 година да имплементираме некој од нив и да извршиме попис и индексирање на севкупниот библиотечен фонд со кој располага Факултетот. Со ова најпрво би се утврдила реалната состојба на библиотечниот фонд, студентите и наставниот кадар би знаеле со каква литература располагаат, а би се овозможило и индивидуална и брза проверка на достапната литература. Ова е услов и за непречена реализација на наставата, но и за научноистражувачка работа. Во контекст на ова, во истиот период, 2023 – 2026, ќе се набават и компјутери за корисниците на библиотеката, но и целосно обновување на внатрешната мрежа на Факултетот (рутери, *hot point*, кабли) која во моментот функционира само на првиот спрат.

По однос на реализацијата на Првиот циклус додипломски студии на Факултетот треба да се зголеми бројот на наставен кадар од областите: Црковно пеење, Догматика, Литургика и Црковно-словенски јазик.

Во контекст на црковното пеење во периодот 2023-2026 на Факултетот ќе се формира студентски хор, а него ќе го води наставникот по Црковно пеење.

Исто така, Факултетот како дел од високообразовниот систем на Државата, како и придружна членка на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ преку интер-универзитетската поврзаност е во можност да ја засили и/или да започне повидлива соработка и со останатите факултети од Универзитетот.

Покрај соработката со други Факултети сметам дека мора да се работи и на поголема поврзаност со самата Македонска православна црква – Охридска архиепископија чиј Свет синод е и основач на Факултетот, а Неговото Блаженство Архиепископот охридски и македонски и на Прва Јустинијана е и покровител на Факултетот. Зошто е потребна оваа соработка, бидејќи, така да се изразам „стручните лица“, оние кои имаат практично познавање и секојдневна практика на богословието се клерот и монаштвото. Но приматели на знаењето на нашите студенти се и мирјаните. Во овој контекст мора да се работи на поголема соработка. Оваа соработка замислено е да се реализира преку предавања/дијалози што би се одржувале на Факултетот, но исто така, и преку гостување на наставниот кадар на Факултетот низ епархиите на Македонската православна црква – Охридска архиепископија. Двајца епископи веќе дадоа согласност преку лични средби со студентите замислени како општи предавања, да бидат дел од таа соработка, првиот е Неговото високопреосвештенство митрополитот Петар, а вториот е Неговото преосвештенство Викарниот епископ Јаков. Ваквата директна соработка со епископатот, останатиот клер и монаштвото со нашите студенти би била од голема полза за студентите кои од прва рака би се запознале со состојбите на Црквата, како и со практичните прашања и проблеми со кои би се сретнале во иднина. Но, исто така, и самиот клер би имал можност да се запознае со интересите, знаењето и идниот високообразовен кадар што студира на нашиот Факултет.

Покрај ова соработката би се изведувала на уште два начина:

1) *Предавања за клерот* кои би биле на конкретни и по можност практични и актуелни прашања со што клерот би се запознал и со ставовите на науката, а кои би можеле да ги ползуваат во секојдневието со кое се сретнуваат на пример свештениците;

2) *Отворени предавања* на различни општи теми и истите би биле од отворен тип и на нив би можел да присуствува секој што ќе изрази желба.

Реализирањето на овие предавања би било договарано со надлежниот епископ кој би имал должност да обезбеди простории каде би се изведувале предавањата, како и покривање на патните трошоци на предавачите. Овие предавања не би биле поединечни, односно би ги изведувале 2-3 члена од наставниот кадар на Факултетот за да може од повеќе научни области да се даде перспектива за одредено прашање.

Отворените предавања би имале уште една додатна полза за Факултетот, а тоа е негова поголема видливост во рамки на Државата. Имено се забележува пад на бројот на редовни студенти на Факултетот. Од друга страна, пак, бројот на вонредни студенти, лица кои се во работен однос, од кои дел имаат завршено и други факултети а се запишуваат на нашиот Факултет со цел лична дополнителна наобразба е во пораст. Факултетот во рамки на УКИМ учествува на отворениот ден за претставување на Факултетите пред ученици од средните училишта, но овие предавања би биле наша дополнителна промоција и пред средношколците, но и пред повозрасни лица да станат студенти на нашиот Факултет.

Соодветно на времето ќе се спроведе постапката за реакредитација на сите Студиски програми на Факултетот.

**Вклученост на студентите во активностите поврзани со академската заедници**

На Факултетот постои и функционира Студентски парламент, но истиот е недоволно активен во својата дејност. Како Декан ќе се залагам за поголема активност и ажурност на телата што ги претставуваат нашите студенти, како на ниво на ННС, така и во активности поврзани со студенти од другите Факултети на УКИМ.

Наставниот кадар на Факултетот ќе биде поттикнуван активно да соработува со студентите во реализација на научни и истражувачки проекти. Активното вклучување на студентите ќе помогне за полесно откривање на нови научни работници и истражувачи од кои понатаму ќе произлезе новиот кадар за Факултетот.

**Користење на новите технологии на Факултетот во полза на студентите**

Како дел од УКИМ Факултетот има можност да сеползува од Iknow и Ilearn, софтверски решенија за администрација и настава на Универзитетот.

Iknow е систем кој овозможува електронско водење на досиејата на студентите, но и поврзаност со УКИМ, ПИОМ, како и изготвување на статистички податоци за потребите на Факултетот и на некои државни институции. Но, иако истиот се ползува веќе две години, сепак сè уште не го користиме во целост неговиот потенцијал. Полза од непречено функционирање на системот нема само Факултетот туку и студентите, бидејќи истиот им овозможува постојан увид во сопственото досие, контакт со администрацијата и електронско поднесување на барања за најразлични документи што им ги издава Факултетот на студентите, електронска пријава и плаќање на испити и др.

Ilearn е софтверско решение кое на професорите им овозможува полесна реализација на наставата, како и постојан контакт со студентите и обратно. Ова софтверско решение им овозможува на наставниците да го знаат точниот број на студенти запишани на секој предмет што го предаваат, да споделуваат текстови од предавања и литература, да изведуваат тестови, да даваат задолженија на студентите, да креираат форуми на кои ќе разговараат со студентите за прашања поврзани со предавањата, да вршат бодување на сработеното од страна на студентите и многу други можности.

Целосната имплементација на Iknow и Ilearn ќе бидат меѓу главните цели во мојот мандат како Декан на Факултетот.

**Усогласување на актите на Факултетот со државните Закони кои ја покриваат дејноста на Факултетот**

Изминативе години беа донесени повеќе државни Закони со кои е опфатена работата на Факултетот, но освен Статутот на Факултетот не беа направени измени во останатите акти на Факултетот. Во периодот 2023 - 2026 ќе се направи ревизија на факултетските акти за да се види нивната усогласеност со законите на Државата и доколку има потреба ќе се направи усогласување со истите.

**Финансиска стабилност и инвестции**

Во двата мандати како декан, проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски, успеа да воспостави финансиска одржливост на Факултетот, што не беше случај од 2006 година, кога јас се вработив на Факултетот, па се до неговото застанување на чело на оваа високообразовна институција. Ќе се обидам, во рамки на моите можности оваа состојба да продолжи и понатаму.

Како што посочив претходно, се планираат инвестиции во новите технологии преку обнова на интернет мрежата на Факултетот, набавка на компјутери за потребите на Библиотеката, но и на администрацијата.

Изминативе неколку години се започна и се заврши реновирање на зградата на Факултетот, останаа да се променат внатрешните врати и дрвените скали што водат од вториот кон третиот кат. Во периодот 2023 - 2026 ќе се комплетира во целост обновата и на внатрешниот дел од факултетската зграда.

**Меѓународна соработка**

Оваа година, на покана на Богословскиот факултет во Белград, делегација од нашиот Факултет престојуваше во Белград и беше воспоставен првичен контакт. Резултат од таа посета е договор за возвратна посета до крајот на оваа година. Во периодот 2023 - 2026 ќе работиме на воспоставување на добра соработка со Богословскиот факултет во Белград. Интерес и поддршка за ова постои и на ниво на Помесни православни цркви (СПЦ – МПЦ-ОА) за што сведочат и доделените стипендии на двајца наши студенти кои своето понатамошно високо образование ќе го продолжат во Белград, како и веќе запишаниот студент од СПЦ на нашиот Факултет.

При истиот престој во Белград беше воспоставен контакт и со претставници од Богословскиот факултет во Љубљана, кои, исто така, изразија желба за соработка. Во периодот 2023 - 2026 ќе продолжиме со развивање на соработката што веќе ја имаме со повеќе високообразовни институции во светот.

Во текот на месец јуни 2023 година беше воспоставен контакт, преку д-р Дарко Анев, со професорот Дитмар Шон (PD Dr. Dietmar Schon) на катедрата за средновековна и нова црковна историја на римокатоличкиот факултет во Регенсбург (Lehrstuhl für Mittlere und Neue Kirchengeschichte Fakultät für Katholische Theologie Universität Regensburg) и исто така и директор на Источниот црковен институт во Регенсбург (Ostkircheninstitut der Diözese Regensburg ), со кој се договори интеркултурна соработка на меѓународен проект со цел претставување на Македонската православна црква – Охридска архиепископија пред пошироката академска јавност. Како резултат од овој проект ќе се подготви и публикува Зборник изработен од академскиот кадар на Факултетот. Финансиските трошоци за реализацијата на проектот, како и публикувањето на Зборникот ќе ги покријат Источниот црковен институт во Регенсбург и Теолошкиот факултет во Регенсбург.